УДК 373.5.018.43.091.26:004(497.7)

**Христина Марковска**

# АЛТЕРНАТИВНИТЕ ФОРМИ НА ОЦЕНУВАЊЕ ВО ОНЛАЈН НАСТАВАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК КАКО СТРАНСКИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Вовед

Учењето онлајн ја замени традиционалната настава и пасивната улога на учениците со интерактивен пристап, во кој учениците и наставникот заедно го креираат часот. Онлајн наставата ни овозможува поинакви услови за стекнување знаење и за развивање на критичкото и креативното мислење на учениците. Оттука и непходноста да се преиспита соодветноста на традиционалното оценување и да се истражи примената на алтернативни форми на оценување кои одговараат на онлајн наставата. Фокусот на ова истражување е примената на самооценувањето, соученичкото оценување и портфолиото во онлајн наставата по англиски јазик како прв странски јазик во средното образование во Република Северна Македонија.

## Краток преглед на досегашните истражувања

Претходни истражувања на темата (Rennert-Ariev, 2005; Талевски, 2011) посочуваат дека употребата на портфолио, самооценување и соученичко оценување ја збогатува наставата и го олеснува целиот процес на учење и оценување, учениците се помотивирани за учење и имаат чувство на автономност. Всушност, учениците се здобиваат со способноста да размислуваат критички, да стекнуваат знаења и умеења и да ги планираат следните чекори во процесот на своето учење преку креирање на план за акција, како и рефлексија во однос на позитивните и негативните страни на своето учење (Николовска, 2015: 145). Токму затоа, користењето на

алтернативни форми на оценување во училницата носи успех, а е поврзано и со мотивацијата за учење на учениците (Bandura, 1994). Од друга страна, пак, несигурноста на учениците во однос на нивната способност за оценување, гледањето на соученичкото оценување како казна наместо како можност за нивна вклученост во унапредување на своите вештини за оценување и знаење, како и неподготвеноста на учениците за употреба на алтернативни форми на оценување и за интерпретација на критериумите за оценување се проблеми со кои се соочуваат наставниците и учениците во РСМ. Кога станува збор за мотивацијата за учење, истражувањата покажуваат дека со употребата на соученичкото оценување, учениците се мотивирани за учење во текот на целиот час (Мирасчиева, 2014; Николовска и др., 2022; Пеев, 2010). За жал, застапеноста на алтернативното оценување во онлајн наставата по англиски јазик, влијанието што го има врз мотивацијата за учење, како и ставовите на наставниците и на учениците кон употребата на овој вид оценување, не се доволно истражени во РС Македонија.

## Методологија на истражувањето

Предмет на ова истражување е примената на алтернативните форми на оценување –портфолио, самооценување и соученичко оценување во онлајн наставата по англиски јазик како странски јазик во средното образование во Република Северна Македонија. Целта на истражувањето е да се одговори на следниве истражувачки прашања:

1. Каква е застапеноста на алтернативните форми на оценување во онлајн наставата по англиски јазик како странски во средното образование и кои се причините за тоа?
2. Какви се ставовите на наставниците и на учениците кон примената на портфолио, самооценување и соученичко оценување во наставата по англиски јазик како странски во средното образование?
3. Какво е влијанието на портфолиото, самооценувањето и соученичкото оценување врз мотивацијата за учење кај средношколците во РС Македонија?

Податоците за истражувањето беа собрани со спроведување на онлајн анкета преку два прашалника креирани за потребите на истражувањето, и тоа: прашалник за наставници по англиски јазик и прашалник за ученици од прва до четврта година од средното гимназиско и средното стручно образование од РСМ. Прашалникот беше спроведен во 14 средни училишта на територија на РСМ, и тоа во 8 гимназиски и 6 стручни училишта. Беа

опфатени вкупно 154 испитаници, од кои 50 наставници по англиски јазик кои предаваат во средните училишта во РСМ и 104 ученици од прва, втора, трета и четврта година.

### Дискусија за резултатите

Во следниот дел накратко ќе дискутираме за анализата на резултатите добиени од прашалникот за наставници и од прашалникот за ученици, со што ќе ги одговориме истражувачките прашања.

### Застапеност на алтернативните форми на оценување во онлајн наставата по англиски јазик како странски во средното образование

Во средните училишта на територија на РСМ најзастапена е употребата на електронско портфолио, како алатка за алтернативно оценување, а од резултатите добивме слика и за тоа каков тип материјали приложуваат учениците во своето дигитално портфолио, односно: домашни задачи, проекти и истражувања, пауерпоинт-презентации, есеи/пишани творби, изработени вежби од час, наставни ливчиња/тестови.

Помалку застапени во онлајн наставата по англиски јазик се самооценувањето и соученичкото оценување. Според анализата на добиените податоци од прашалниците, учениците се самооценуваат по изучување на една тематска единица или, пак, само еднаш во полугодие, што е погрешно, бидејќи, како што вели Орсмонд, самооценувањето е континуиран процес што трае преку целата учебна година (Orsmond, 2004: 26). Како вежби/техники за самооценување, најчесто се користат: прашалник, табела „Знам-сакам да знам-научив“ и чек-листа за самооценување. За жал, самооценувањето не се користи доволно често во онлајн наставата по англиски јазик, а има и ученици кои воопшто не се самооценуваат. Што се однесува до соученичкото оценување на онлајн часовите по англиски јазик, учениците се оценуваат меѓусебно по изучување на две тематски единици, односно по изучувањето на еден модул. Најкористени вежби за соученичко оценување на онлајн часовите по англиски јазик се повратната информација на некоја од онлајн платформите, дискусија во ‘breakout rooms’, чек-листа, прашалник, како и техниката „ ‘метод на сендвич ’.

Ставовите на учениците во однос на застапеноста на алтернативните форми на оценување ни укажуваат на фактот дека поради недоволно време на часовите и недоволна обука за користење на овој тип оценување, алтернативното оценување не се користи доволно на онлајн часовите по

англиски јазик. Поради тоа на учениците прво треба да им се објасни целата постапка на самооценување, соученичко оценување и креирање електронско портфолио, за да може алтернативното оценување да се практикува полесно и на правилен начин. Всушност, токму ова оценување може да им помогне на наставниците да се скрати времето за оценување на учениците. За тоа не мора да се одделува посебно време од часот, туку, едноставно, може да се вметнат вежби за самооценување и соученичко оценување во текот на учењето на часот.

Во наставата треба да се цели кон имплементирање разновидни вежби за алтернативно оценување, а како што посочуваат Бочер и Конрад (Boettcher & Conrad, 2016) во својот прирачник, тоа го овозможуваат интернетот и разновидните онлајн платформи. Од големо значење е и тоа наставниците по англиски јазик да ја искористат својата креативност и сами да креираат вежби според потребите на учениците, како и според материјалот што се изучува, за да може самооценувањето и соученичкото оценување да имаат поголема примена во наставата по англиски јазик.

## Ставовите на наставниците и на учениците за примената на портфолиото, самооценувањето и соученичкото оценување во наставата по англиски јазик

Мнозинството наставници и ученици што одговорија на прашалниците, имаат позитивни ставови кон алтернативните форми на оценување и нив учениците сакаат да ги користат на онлајн часовите по англиски јазик. Секако, беа посочени и некои негативни страни на кои треба да се обрне внимание и за кои треба да се пронајдат решенија.

Што се однесува до самооценувањето, и учениците и наставниците го гледаат како корисна алатка на часовите по англиски јазик, бидејќи учениците можат лесно да го следат својот напредок во учењето; стануваат свесни за тоа колку навистина го знаат/разбираат материјалот, притоа имајќи чувство на автономност, како што ни потврдува и истражувањето на Ренерт-Ариев (Rennert-Ariev, 2005). Како проблем за овој тип оценување беше посочено дека учениците не ја разбираат целта на самооценувањето, ниту, пак придобивките од користењето на ова алтернативно оценување и настанува проблем со објективноста при оценувањето. Затоа учениците треба да разберат дека самооценувањето е процес на формативно оценување во кој прават рефлексија на научениот материјал, а за истото да биде ефективно, треба да е направено објективно. Исто така, наставниците посочија дека самооценувањето не е еднакво ефективно со сите

возрасни групи ученици, односно дека не е ефективно со учениците од прва година средно образование, додека, пак, ефективно е со постарите ученици. Поради тоа потребно е време на привикнување на употребата на алтернативното оценување, а притоа потребно е и учениците да научат како да се самооценуваат правилно и да развијат самокритичност и објективност за да може максимално да се искористат придобивките од самооценувањето во онлајн наставата по англиски јазик.

Од анализата на податоците од прашалниците согледавме дека учениците сакаат да го користат соученичкото оценување на онлајн часовите по англиски јазик, поради тоа што со овој тип алтернативно оценување добиваат поголема улога на часовите од вообичаеното извршување на задачите, односно добиваат улога на наставник; им овозможува длабоко да навлезат во процесите на оценување и во користењето критериуми за оценување; ги усовршуваат и своите вештини за комуникација, а се развива и голема соработка меѓу учениците, со тоа што си разменуваат мислења и си помагаат едни со други. Не е помалку важен и фактот дека со користењето соученичко оценување, учениците развиваат самокритичност и критичко размислување. Во ова истражување не произлезе како проблем тоа дека учениците го гледаат соученичкото оценување како казна, како што бил случајот во истражувањето на Мирасчиева (2014). Но, сепак, како проблем произлезе дека учениците преферираат поени и оценки дадени само од наставникот, а конструктивните коментари што ги добиваат од своите соученици, едноставно, немаат никаква важност, бидејќи се субјективни. Ова посочува на потребата од јасно дефинирани критериуми за оценување, со што би се зголемила валидноста на алтернативното оценување што понатаму би довело до максимално искористување на придобивките од истото во онлајн наставата по англиски јазик. Исто така, важно е учениците да научат како да го користат правилно, а уште поважно, и со која цел се користи соученичкото оценување, што верувам дека ќе резултира со објективен пристап кон оценувањето.

Анализата на податоците добиени од прашалниците покажа дека електронското портфолио е алатка што учениците најмногу ја сакаат и покрај тоа што беа наведени и некои негативни ставови за користењето на овој тип на оценување. Истражувањето покажа дека нема секогаш ефект од употребата на електронското портфолио, од причина што нема секогаш време да се провери портфолиото на часовите и да им се даде повратна информација на учениците, па затоа дел од учениците не го практикуваат, како што претходно се договориле со наставниците. Всушност, од страна на наставниците и учениците беше образложено дека процесот на

креирање електронско портфолио во голема мера придонесува за успехот на учениците во учењето на англискиот јазик и ги мотивира да го градат своето знаење, полнејќи го портфолиото со свои дела и изработки, притоа овозможувајќи им увид во својот успех преку целата учебна година.

### Влијанието на портфолиото, самооценувањето и соученичкото оценување врз мотивацијата за учење кај средношколците во РС Македонија

Самооценувањето, соученичкото оценување и електронското портфолио, како алтернативни форми на оценување, имаат позитивно влијание и ја зголемуваат мотивацијата за учење поради тоа што учениците можат лесно да го воочат и да го следат својот напредок во учењето, имаат чувство на автономност, го гледаат овој вид оценување како креативен и интересен начин на оценување што не им предизвикува притисок или страв, што резултира со самоефикасност. Всушност, теоријата за самоефикасност на Бандура е во тесна корелација со алтернативните форми на оценување, со тоа што со самооценувањето и креирањето електронско портфолио ученикот се гледа себеси како успева и почнува да верува во своите способности, односно влијанието на успехот на претходно искуство ја зголемува мотивацијата за учење. Што се однесува до соученичкото оценување, ученикот добива повратна информација од соучениците, која го мотивира да работи уште повеќе на своето знаење за да постигне поголем успех, што значи дека влијание има општественото убедување (Bandura, 1994). Исто така, одговорите на учениците ја подржуваат теоријата за самомотивација на Дорни, односно дека со користењето алтернативни форми на оценување, тие замислуваат дека ефективно и успешно завршуваат некоја задача и сами се мотивираат да ја завршат дадената задача со успехот што го посакуваат (Dornyei & Ushioda, 2009). Но, тоа е возможно само ако овие форми на алтернативно оценување се користат регуларно (Mintah, 2003: 173), а притоа се воведуваат постепено и внимателно во онлајн наставата по англиски јазик, со дополнителни објаснувања во однос на целта на овој вид оценување и на начинот на употреба, како и на неговото зголемено користење, со цел ова оценување да се користи правилно.

### Заклучок

Како заклучок може да се каже дека, иако резултатите од истражувањето покажаа дека наставниците и учениците имаат позитивни ставови кон имплементацијата на портфолиото, самооценувањето и соученичкото

оценување во онлајн наставата по англиски јазик, нивната застапеност во наставата е на ниско ниво и нужно е подобрување во таа насока. Исто така, се воспостави дека овие алтернативни форми на оценување имаат позитивно влијание врз мотивацијата за учење и успехот на учениците. Според тоа, потребно е да се осмисли квалитетна перманентна имплементација на овие форми на оценување во онлајн наставата, што би резултирало со поголем успех во учењето на средношколците во Република Северна Македонија.

**Библиографија:**


Мирасчиева, С. (2014) *Самооценување на студентите во наставата по дидактика како современа тенденција на наставничките факултети.* Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“.

Николовска, А. (2015) За самооценувањето на учениците: можности и предизвици. *Литературен збор*, 4-6, 141-150.

Николовска, А., Беќар, М., Наумоска, Б., Трајкова, З. (2022) *Развивање на јазичните компетенции на идните наставници по англиски јазик со формативно оценување.* Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.

Пеев, А. (2010) Е-пошта, и се вежба, и се оценува. Во *Оценување за учење во 21 век: збирка на примери од практика.* Скопје: Македонски центар за граѓанско образование, 46-49.

Талевски, Ј. (2011) *Самооценување и оценување од соученици*. Битола: Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“.

Bandura, A. (1994) Self-efficacy. In V. S. Ramachaudran (Ed.), *Encyclopedia of human behavior*, 4, 73. New York: Academic Press.

Boettcher, J. V. & Conrad, R. (2016) *The online teaching survival guide: simple and practical pedagogical tips (2nd ed.)*. San Francisco, CA: Jossey-Bass.

Dornyei, Z., & Ushioda, E. (2009) *Motivation, Language Identity and the L2 Self.* Multilingual Matters.

Mintah, J. (2003) Authentic Assessment in Physical Education: Prevalence of Use and Perceived Impact on Students' Self-Concept, Motivation, and Skill Achievement. *Measurement in Physical Education and Exercise Science, 7, 161-174.*

Orsmond, P. (2004) Self- and Peer- Assessment: Guidance on Practice in the Biosciences. *The Higher Education Academy.*

Rennert-Ariev, P. (2005) A theoretical model for the authentic assessment of teaching. *Practical Assessment, Research, and Evaluation, 10 (2).*

**Hristina Markovska**

## THE ALTERNATIVES IN ASSESSMENT IN AN ONLINE EFL CLASSROOM IN THE SECONDARY EDUCATION IN THE REPUBLIK OF NORTH MACEDONIA

*Abstract*

Studying online exchanged the traditional approach of teaching and the passive role of the learners with an interactive approach in which the learners and the teacher create the lessons together. Therefore, it is of the utmost importance to reconsider the appropriateness of traditional assessment and to research the utilization of the alternatives in assessment, which correspond to online education. This study establishes the level of implementation of the alternatives in assessment in secondary schools in the Republic of North Macedonia, the impact of self-assessment, peer-assessment and portfolio on learners' motivation for studying, as well as EFL teachers' and learners' perceptions of these assessment techniques, by means of a survey-one for teachers and one for students. The results show the positive teachers' and learners' perceptions towards the implementation of portfolio, self-assessment and peer-assessment in an EFL online classroom, but also that their use is at a low level which requires improvement. What is more, these alternatives in assessment have a positive influence on learners' motivation for studying and their overall success. According to that, it is necessary to come up with an efficient permanent implementation of these forms of assessment in the EFL classroom.

**Key words:** alternatives in assessment, self-assessment, peer-assessment, digital portfolio, online assessment, secondary education

**Клучни зборови:** алтернативно оценување, самооценување, соученичко оценување, електронско портфолио, онлајн оценување, средно образование